Дневни сценарија по ликовно образование

Тема: **ЦРТАЊЕ**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и дата на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| • Подлоги, средства и материјали за цртање и нивна употреба (хартија, хартија во боја, молив, дрвени боици, креди, мрсни боици, фломастери, природни и вештачки материјали) | • Користи разновидни подлоги, средства и материјали во цртањето.<br> | | **Воведни активности:**<br>Пред учениците се поставени различни материјали и подлоги за цртање: хартија, хартија во боја, различни дебелени на моливи, дрвени боици, креди, мрсни боици, фломастери, природни и вештачки материјали, туш, јаглен. Слободно ги набљудуваат, истражуваат и дискутираат за материјалите. Поттикнати со прашања даваат свои предлози за тоа што можеме да направиме со овие материјали, зошто ги користиме? Акцент се става на различните дебелини на моливи, јаглен и туш, како и хартијата и хартијата во боја на која учениците ќе цртаат. Учениците се запознаваат со целта. (10 минути)<br><br>**Главна активност:**<br>Учениците цртаат на тема *Дожд* со помош на тенки, дебели, долги и кратки линии. Како важен креативен елемент ученикот употребува и точка. Учениците се поделени во три групи. Прва група црта на тема дожд на бела хартија (хамер) со различни деблени на моливи. Втора група црта на темата дожд на хамер во боја со јаглен, а третата група црта на бела хартија А4 со туш. ( 15 минути)<br><br>**Завршна активност:**<br>По еден ученик од секоја групата го презентира цртежот пред соучениците објаснувајќи на која подлога и со кои материјали за цртање е работено. Готовите трудови се изложени на таблата. (10 минути)<br><br>**Рефлексија:**<br>Кои подлоги за цртање ги користевме денес и дали и други подлоги освен хартија можат да се користат за цртање?<br>Кои цртачки материјали ги користевме?<br>Со што се можеме да цртаме? (5 минути) | Средства и материјали за цртање (хартија, хартија во боја, моливи во различни дебелини, дрвени боици, мрсни боици, креди, фломастери, природни и вештачки материјали, туш, јаглен...). | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите)<br>- изработените ликовни творби (цртање);<br>- учеството во изработка на заеднички творби. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по ликовно образование

Тема: **ЦРТАЊЕ**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и дата на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| • Подлоги, средства и материјали за цртање и нивна употреба (хартија, хартија во боја, молив, дрвени боици, креди, мрсни боици, фломастери, природни и вештачки материјали) | • Споредува и прави разлика меѓу цртежите според подлогата, средствата и материјалите кои се употребени.<br> | | **Воведни активности:**<br>Учениците преку бура на идеи одговараат на прашањето: Што среќавам по патот кога доаѓам на училиште? Исказите се запишуваат на табла. Разговараме за патот од домот до училиштето и обратно. Учениците се запознаваат со целта. (10 минути)<br><br>**Главна активност:**<br>Учениците работат во две групи. Прва група добива хамер и тенки фломастери. Црта на тема: *Патот кон училиштето.*<br>Втора група црта на бела табла со маркери во боја на тема: *Патот кон мојот дом.* Секоја група ја презентира својата изработка: На каква подлога работеше, со кои материјали за работа? Каков е патот од домот до училиштето и обратно? (20 минути)<br><br>**Завршна активност:**<br>Учениците ги споредуваат цртежите и прават разлика меѓу нив според подлогата, средствата и материјалите кои се употребени. (5 минути)<br><br>**Рефлексија:**<br>Кои подлоги за цртање ги користевме денес?<br>Кои цртачки материјали ги користевме?<br>Со што се можеме да цртаме и на кои подлоги? (5 минути) | Средства и материјали за цртање (хартија, фломастери со различни дебелини).<br>Табла<br>Маркери во боја | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите)<br>- изработените ликовни творби (цртање);<br>- учеството во изработка на заеднички творби. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по ликовно образование

Тема: **ЦРТАЊЕ**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и дата на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| • Подлоги, средства и материјали за цртање и нивна употреба (хартија, хартија во боја, молив, дрвени боици, креди, мрсни боици, фломастери, природни и вештачки материјали) | • Црта разновидни линии со комбинирање различни средства и материјали | | **Воведни активности:**<br>Учениците ги набљудуваат есенските листови кои претходно ги имаат донесено, земаат по еден есенски лист и истиот го опишуваат: боја, форма, големина, со какви линии можам да го нацртам листот ...<br>Учениците се запознаваат со целта. (5 минути)<br><br>**Главна активност:**<br>Учениците изработуваат цртеж на тема *Есенски листови* со различни дебелини на моливи, јаглен и туш. Секој ученик го црта листот кој го зел со молив, јаглен и туш. При цртањето употребуваат криви линии со различни дебелини и различни должини Ја воочува разликата на линиите претставени со молив, јаглен и туш. (20 минути)<br><br>**Завршна активност:**<br>Учениците ги лепат есенските листови на хартија и изработуваат книга од есенски листови (10 минути)<br><br>**Рефлексија:**<br>На изложените детски цртежи воочуваме какви линии се користени, кои материјали се комбинирани. (5 минути) | Средства и материјали за цртање (хартија, молив, јаглен, туш)<br>Есенски листови<br>Лепак | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите)<br>- изработените ликовни творби (цртање);<br>- учеството во изработка на заеднички творби. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по ликовно образование
Тема: **ЦРТАЊЕ**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и дата на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| --- | --- | --- | --- | --- | --- |
| • Ликовен јазик во цртањето<br>(точка, линија – тенки/дебели, долги/кратки, криви/прави, цикцак, боја, насока, форма, големина, простор – пред/зад, горе/долу, лево/десно, тон – светло/темно, површина – мазна/рапава, тврда/мека, сенчење, детаљ, интензитет, прецизност) | • Ги објаснува цртежите преку поимите од ликовниот јазик. | | **Воведни активности:**<br>Учениците преку бура на идеи одговараат на прашањата: Што добиваме како резултат кога со фломастер цртаме на хартија? Што се добива ако користиме молив или мрни бои и хартија? Добиваме линија. Со што друго можеме да нацртаме линија? (очекувани одговори се: со стапче во песок, со дланка во снег, со креда на плочник....) Учениците се запознаваат со целта. (5 минути)<br> <br>**Главна активност:**<br>- Учениците изработуваат цртеж на тема *Мртва природа*, користејќи различни големини на картонски кутии како модел. Употребуваат криви и прави линии со различни дебелини и различни должини. (20 минути)<br><br>**Завршна активност:**<br>Учениците ги изложуваат готовите цртежи и истите ги објаснуваат користејќи поими од ликовниот јазик. (10 минути)<br><br>**Рефлексија:**<br>Што е линија?<br>Какви линии се користени?<br>Дали во околината гледаме линии?<br>Што не потсетува на прави линии?<br>Што не потсетува на криви линии?... (5 минути) | - Средства и материјали за цртање (хартија, хартија во боја, молив, дрвени боици, мрсни боици, креди, фломастери, природни и вештачки материјали, штафелаи...).<br>- Творечки неликовни материјали | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите)<br>- изработените ликовни творби (цртање);<br>- учеството во изработка на заеднички творби. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по ликовно образование
Тема: **ЦРТАЊЕ**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и дата на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| • Ликовен јазик во цртањето (точка, линија – тенки/дебели, долги/кратки, криви/прави, цикцак, боја, насока, форма, големина, простор – пред/зад, горе/долу, лево/десно, тон – светло/темно, површина – мазна/рапава, тврда/мека, сенчење, детаљ, интензитет, прецизност) | • Црта со примена на ликовните елементи: големина, простор, тон и површина. | | **Воведни активности:**<br>Учениците се во училишниот двор и ја набљудуваат околината. Набројуваат предмети или објекти кои се пред/зад, горе/долу, лево/десно од учениците. Учениците се запознаваат со целта. (5 минути)<br>**Главна активност:**<br>Учениците, поделени во група од по 4/5 ученици, во училишниот двор со креди во боја цртаат линии со различни форми од опкружувањето и ги утврдуваат поимите: пред/зад, горе/долу, лево/десно. Просторот на цртање е организиран со облачиња од кои едно е во средината, а останатите се распоредени околу средишното облаче. Во облачето во средината се цртаат ученици, а во облачињата околу се цртаат предметите или објектите кои се лево и десно од учениците или горе/долу, пред/зад учениците. (се пополнува во вид на мрежа на зборови) Секоја група црта по набљудувањето на околината и се труди реално да ги претстави објектите и предметите во однос на големина, простор). (20 минути)<br><br>**Завршна активност:**<br>Секоја група ја презентира својата ликовна творба при што акцент се дава на поставеноста на објектите и предметите на сликата. (10 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Спореди ги нацртаните предмети по големина!<br>Што е пред училиштето?<br>Што е зад учениците?<br>Дали сонцето изгрева лево или десно во однос на нас?... (5 минути) | - Средства и материјали за цртање (креди во боја) | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите)<br>- изработените ликовни творби (цртање);<br>- учеството во изработка на заеднички творби. |

Снежана Трencheva

resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по ликовно образование
Тема: **ЦРТАЊЕ**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и дата на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| • Ликовен јазик во цртањето (точка, линија – тенки/дебели, долги/кратки, криви/прави, цикцак, боја, насока, форма, големина, простор – пред/зад, горе/долу, лево/десно, тон – светло/темно, површина – мазна/рапава, тврда/мека, сенчење, детаљ, интензитет, прецизност) | • Користи разни видови моливи за постигнување прецизност во цртањето. | | **Воведни активности:**<br>Учениците се запознаваат со ликовните елементи преку презентација од слики од кои можат да се воочат ликовните елементи: големина (градација на големина)<br><br>простор (Птици, Кацушика Хокусаи)  , тон (Сиво дрво, Пиет Модријан)  и површина (Слика, Клод Моне) .<br>Учениците се запознаваат со целта. (10 минути)<br>**Главна активност:**<br>- Учениците изработуваат цртеж на тема *Просторот околу мене* со различни видови линии (тенки, долги, кратки, криви, прави, цикцак), точки во одредена насока и слично. (20 минути)<br>**Завршна активност:**<br>Учениците ги презентираат цртежите и објаснуваат начин на цртање. (5 минути)<br>**Рефлексија:**<br>Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денеска? 2. Како се чувствувавте? 3. Што научивте? (5 минути) | - Средства и материјали за цртање (хартија, молив)<br>- Слики<br>- Комјутер<br>- Проектор | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите)<br>- изработените ликовни творби (цртање);<br>- учеството во изработка на заеднички творби. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по ликовно образование

Тема: **ЦРТАЊЕ**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и дата на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| • Ликовен јазик во цртањето (точка, линија – тенки/дебели, долги/кратки, криви/прави, цикцак, боја, насока, форма, големина, простор – пред/зад, горе/долу, лево/десно, тон – светло/темно, површина – мазна/рапава, тврда/мека, сенчење, детаљ, интензитет, прецизност) | • Прави целина во цртањето со употреба на детали. | | **Воведни активности:**<br>Преку бура на идеи (накит е...), учениците набројуваат различни видови накит. Наставникот им демонстрира накит, а учениците детално го анализира: како е направен, што претставува, како се поврзани деловите. Се запознаваат со целите. (10 мин.)<br><br>**Главна активност:**<br>- Учениците пристапуваат кон цртање на накитит користејќи молив и дрвени боици. Со сенчење од деталите прават целина.<br>(15 мин.)<br><br>**Завршна активност:**<br>Учениците ги изложуваат готовите цртежи и истите ги објаснуваат. (како се изработени, на кои детали е внимавано ...) (10 мин.)<br><br>**Рефлексија:** Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денеска? 2. Како се чувствувавте? 3. Што научивте? Од какви материјали може да се изработи накит? Дали можеме и самите да изработиме накит за мојата сестра, мама, баба ... (5 мин.)<br> | - Средства и материјали за цртање (хартија, молив, дрвени боици)<br>- Слики<br>- Накит | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите)<br>- изработените ликовни творби (цртање);<br>- учеството во изработка на заеднички творби. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по ликовно образование
Тема: **ЦРТАЊЕ**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и дата на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| • Ликовен јазик во цртањето (точка, линија – тенки/дебели, долги/кратки, криви/прави, цикцак, боја, насока, форма, големина, простор – пред/зад, горе/долу, лево/десно, тон – светло/темно, површина – мазна/рапава, тврда/мека, сенчење, детаљ, интензитет, прецизност) | • Постигнува ефект светло-темно со употреба на техниката *Сенчење* во цртањето.<br> | | **Воведни активности:**<br>Наставникот организира игра во која учениците користат картонски кутии со различни големини, кои имаат доволен простор за учениците да можат да влезат во нив и да го почувствуваат просторот. Кога се затвораат кутиите, внатре е темно, а кога се отвораат е светло. Учениците се запознаваат со целта. (10 мин.)<br><br>**Главна активност:**<br>- Учениците, поделени во групи, ги украсуваат кутиите со мрсни боици по сопствена желба, со примена на ритам во линијата. Учениците ги покажуваат своите кутии и објаснуваат како се украсени, што за нив претставува кутијата<br>(20 мин.)<br><br>**Завршна активност:**<br>Учениците играат игра: Ден – ноќ (5 мин.)<br><br>**Рефлексија:**<br>Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денеска? 2. Како се чувствувавте? 3. Што научивте? (5 мин.) | - Средства и материјали за цртање (мрсни боици,).<br>- Творечки неликовни материјали<br>- Картонски кутии | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите)<br>- изработените ликовни творби (цртање);<br>- учеството во изработка на заеднички творби. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по ликовно образование
Тема: **ЦРТАЊЕ**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и дата на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| • Ликовен јазик во цртањето (точка, линија – тенки/дебели, долги/кратки, криви/прави, цикцак, боја, насока, форма, големина, простор – пред/зад, горе/долу, лево/десно, тон – светло/темно, површина – мазна/рапава, тврда/мека, сенчење, детаљ, интензитет, прецизност) | Конструира цртежи на компјутер (на пример: училиште, дом, омилен лик, место на живеење и сл.). |  | **Воведни активности:**<br>Учениците се запознаваат со  програмата за цртање на компјутер. Секој ученик ги следи инструкциите од наставникот за работа со програмата за цртање на комјутер, а потоа и самите  ги истражуваат можностите кои ги нуди оваа програма. Се запознаваат со целта (10 мин.)<br><br>**Главна активност:**<br>- Учениците на компјутер цртаат семафор со линии со различна дебелина. (20 мин.)<br><br>**Завршна активност:**<br>Учениците ги зачувуваат готовите цртежи на комјутер. (5 мин.)<br><br>**Рефлексија:**<br>Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денеска? 2. Како се чувствувавте? 3. Што научивте? (5 мин.) | - Средства и материјали за цртање (мрсни боици,).<br>- Творечки неликовни материјали<br>- Картонски кутии | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите)<br>- изработените ликовни творби (цртање);<br>- учеството во изработка на заеднички творби. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по ликовно образование

Тема: **ЦРТАЊЕ**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и дата на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| • Ликовен јазик во цртањето (точка, линија – тенки/дебели, долги/кратки, криви/прави, цикцак, боја, насока, форма, големина, простор – пред/зад, горе/долу, лево/десно, тон – светло/темно, површина – мазна/рапава, тврда/мека, сенчење, детаљ, интензитет, прецизност) | Конструира цртежи на компјутер (на пример: училиште, дом, омилен лик, место на живеење и сл.).<br> | | **Воведни активности:**<br>Учениците се запознаваат со програмата за цртање на компјутер. Секој ученик ги следи инструкциите од наставникот за работа со програмата за цртање на комјутер, а потоа и самите ги истражуваат можностите кои ги нуди оваа програма. Учениците се запознаваат со целта. (10 мин.)<br><br>**Главна активност:**<br>- Учениците на компјутер цртаат мотив од домот и/или училиштето од геометриски форми со контурни линии и со сенчење. (20 мин.)<br><br>**Завршна активност:**<br>Учениците ги зачувуваат готовите цртежи на комјутер. (5 мин.)<br><br>**Рефлексија:**<br>Се води дискусија по прашањата: 1. Што правевме денеска? 2. Како се чувствувавте? 3. Што научивте? За што уште можам да го користам компјутерот? (5 мин.) | - Средства и материјали за цртање (мрсни боици,).<br>- Творечки неликовни материјали<br>- Картонски кутии | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите)<br>- изработените ликовни творби (цртање);<br>- учеството во изработка на заеднички творби. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk